# ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

## ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА

2020

Крива Паланка

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен Весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 143/19), член 50 став (1) точка 12 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија“ број 5/2002), Градоначалникот на Општина Крива Паланка, донесе

**ПРАВИЛНИК ЗА ИЗМЕНУВАЊЕ И ДОПОЛНУВАЊЕ НА ПРАВИЛНИКОТ ЗА СИСТЕМАТИЗАЦИЈА НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

**Член 1**

Со овој Правилник се врши изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-543/1 од 23.02.2016 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-1205/1 од 08.06.2017 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-937/1 од 26.03.2018 година , Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-1202/1 од 20.04.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-2000/1 од 04.07.2018 година, Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-3464/1 од 06.11.2018 година и Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за Систематизација на работните места во Општина Крива Паланка број 01-2180/1 од 08.07.2019 година година .

**Член 2**

Во глава II. РАСПОРЕД И ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА НА АДМИНИСТРАТИВНИТЕ СЛУЖБЕНИЦИ, членовите 11-а и 11-б се менуваат и гласат:

**„Член 11-а**

Посебни услови утврдени во Законот за инспекциски надзор, за раководниот инспектор од категорија Б, ниво Б4 се:

а) стручни квалификации - ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен

б) работно искуство, и тоа:

- најмалку четири години работно искуство по дипломирањето, од кои најмалку една година како инспектор;

в) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;

г) посебни работни компетенции за сите нивоа:

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.

**Член 11-б**

Посебни услови утврдени во Законот за инспекциски надзор, за инспектор од категоријата В,се:

а) стручни квалификации :

- за нивото В1 – ниво на квалификација VIA според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 240 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и
- за нивоата В2, В3 и В4 - ниво на квалификација VIБ според Македонската рамка на квалификации и стекнати најмалку 180 кредити според ЕКТС или завршен VII/1 степен и

б) работно искуство, и тоа за:

- В1 – најмалку три години работно искуство по дипломирањето,
- В2 – најмалку две години работно искуство по дипломирањето,
- В3 – најмалку една година работно искуство по дипломирањето,
- В4 – со и без работно искуство по дипломирањето;

3) општи работни компетенции за сите нивоа согласно со Рамката на општи работни компетенции;

4) посебни работни компетенции за сите нивоа:

- активно познавање на еден од трите најчесто користени јазици на Европската унија (англиски, француски, германски),
- активно познавање на компјутерски програми за канцелариско работење.“

**Член 3**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.2 Одделение за финансиски прашања , работното место со реден број „17“ назив на работно место „Советник за евиденција и утврдување на даночни обврски и данок на имот“ се брише.

**Член 4**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.2 Одделение за финансиски прашања, по работното место со реден број 20, назив на работно место - „Соработник за Утврдување и наплата на данок на промет на недвижности, наследство и подарок и имот на општина“, се додава ново работното место со реден број „20-а“, назив на работно место „Соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина“ кое гласи:

| **1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој.<br>1.2 . Одделение за финансиски прашања** | |
|---|---|
| Реден број | 20-а |
| Шифра | УПР 01 01 В03 000 |
| Ниво | В3 |
| Звање | Соработник |
| Назив на работно место | **Соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина** |
| Број на извршители | 1 еден |
| Одговара пред | Раководителот на одделението |
| Вид на образование | Јавна управа и администрација, Организациони науки и управување (менаџмент) |
| Други посебни услови | |

| | |
|---|---|
| Работни цели | Извршување работи и задачи во одделението што се однесуваат на евиденција и утврдување на данок на имот и комунална такса за фирмарина, изготвување на решенија на даночни обврзници, под надзор и контрола од раководителот на одделението. |
| Работни задачи и обврски | - континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на утврдување на изворите на приходи за данок на имот и комунална такса за фирмарина;<br>- примање на пријави за данок на имот, проверка на точност на пријавите, внесување на податоците во апликацијата на данок на имот (пријава и одјава);<br>- изготвува решенија за комунална такса за фирмарина и ажурна евиденција на задолженијата<br>- врши прием и обработка на даночни пријави за утврдување данок на имот и изготвува решенија за задолжување со данок на имот и решенија за отпис и припис на данок на имот, изготвува регистар на обврзници на данок на имот, изготвува извештаи за извршената работа и се грижи за точно и ажурна евиденција на задолженијата со данок на имот;<br>-врши пријавување, одјавување или промена на адресниот податок по поднесено барање;<br>-учествува при подготвување на податоците од регистрите за невижности и подвижен имот што се доставува во Централниот регистер и Управата за јавни приходи;<br>-изготвува тези за изработка на прописи, општи акти и информативно аналитички матерјали;<br>- организирање и координирање со одделението за општи и правни работи за достава на решенија од делокруг на работа на одделението. |

**Член 5**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.2 Одделение за финансиски прашања, по работното место со реден број 21, назив на работно место - „Помлад соработник за данок на промет на недвижности, наследство и подарок и ажурирање на имот на општина", се додава ново работното место со реден број 21-а, назив на работно место „Помлад соработник за утврдување и наплата на такси и други надоместоци " кое гласи:

| **1.2 одделение за финансиски прашања** | |
|---|---|
| **Реден број** | 21-а |
| **Шифра** | УПР 01 01 В04 000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | **Помлад соработник за утврдување и наплата на такси и други надоместоци** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделение за финансиски прашања |
| **Вид на образование** | Организациони науки и управување (менаџмент) |
| **Други посебни услови** | |

| | |
|---|---|
| **Работни цели** | извршување поедноставни работи и работни задачи од областа на утврдување и наплата на такси и други надоместоци под надзор и контрола од раководителот на одделението. |
| **Работни задачи и обврски** | -континуирано ги следи законските прописи и други општи акти од областа на утврдување на изворите на приходи од комунални такси и други надоместоци;<br>-помага во изготвување на решение за утврдена вредност на комуналните такси и другите надоместоци;<br>-учествува во водењето на постапката и решавањето по барање за одлагање и обезбедување на долгот;<br>-помага во постапки по жалби за комунални такси и други надоместоци;<br>-изготвува анализи, извештаи и информации за бројот на обврзниците, доставените решенија и остварените обврски по овие основи. |

**Член 6**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, по работното место со реден број „30-б“ назив на работно место „Помлад соработник за односи со јавност и култура и соработка со цивилниот сектор“, се додава ново работното место со реден број „30-в“ со назив на работно место „Помлад соработник за подготовка и анализа на проекти“ кое гласи:

| **1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија** | |
|---|---|
| **Реден број** | 30-в |
| **Шифра** | УПР 01 01 В04 000 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад соработник |
| **Назив на работно место** | **Помлад соработник за подготовка и анализа на проекти од областа на јавните дејности и локалниот економски развој** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Раководителот на одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија |
| **Вид на образование** | Образование, Наука за книжевноста |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Извршување поедноставни работи во врска со прибирање податоци, подготовка, анализа и преводи на проекти од областа на локалниот економски развој, со упатство и под надзор и контрола од раководителот на одделението |
| **Работни задачи и обврски** | - учествува во подготовка на предлог проектите кои се иницирани од вработените од оделението и одобрени од раководителот на оделението;<br>- врши превод на пректна документација од областа на јавните дејности и локалниот економски развој,<br>- учествува во прибирање податоци, подготовка и анализа на проекти од надлежност на одделението;<br>- учествува во подготовка на потребните акти за одобрување на грантовите поврзани со проектите од надлежност на одделението; |

| | |
|---|---|
| | - учествува во подготовката и реализацијата на Стратегијата за локален економски развој на Општината и Стратегијата за поддршка на развојот на малите и средни претпријатија и претприемништвотои други стратегии кои ги донесува општината согласно на надлежностите;<br>-ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на локалната самоуправа и локалниот економски развој;<br>-учествува во работата на проектните тимови. |

**Член 7**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 1. Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој, во потточка 1.3 Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија, работното место со реден број „31" назив на работно место „Самостоен референт за слободен пристап до информации од јавен карактер " се брише.

**Член 8**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 2. Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура 2.1 Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина, работното место со реден број „42" назив на работно место „Референт за Администрирање на документација" се брише.

**Член 9**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 2. Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура 2.2 Одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура , работното место со реден број „52" назив на работно место „Референт за организационо-теренски работи за комунална инфраструктура" се брише.

**Член 10**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 3. одделение за инспекциски надзор, работното место со реден број „54" назив на работно место „Советник инспектор - Овластен градежен инспектор", се брише.

**Член 11**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 3. одделение за инспекциски надзор, работното место со реден број „55" назив на работно место „Општински комунален инспектор", се брише.

**Член 12**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 3. одделение за инспекциски надзор, по работното место со реден број „56-а"назив на работно место „Овластен инспектор за домување", се додава ново работното место со број „56-б", назив на работно место „Овластен градежен инспектор " кое гласи:

| **3. Одделение за за инспекциски надзор** | |
|---|---|
| **Реден број** | 56-б |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В03 001 |
| **Ниво** | В3 |
| **Звање** | Помошник инспектор |
| **Назив на работно место** | **Овластен градежен инспектор** |
| **Број на извршители** | 1 |

| | |
|---|---|
| **Одговара пред** | Виш инспектор - Раководителот на одделение за инспекциски надзор |
| **Вид на образование** | Градежништво и водостопанство |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Извршување работи и задачи во одделението што се однесуваат на ефикасно, ефективно и квалитетно вршење инспекциски надзор над спроведувањето на законот за градење и други поврзани закони во делот од надлежност на општината |
| **Работни задачи и обврски** | - ги следи и применува законите и подзаконските акти од областа која ја покрива;<br>- води управна постапка во прв степен, донесува решенија, прима жалби, дава одговори на жалби и ги доставува до второстепена комисија;<br>- поднесува барања за поведување постапка пред надлежни државни органи и судови;<br>- изготвува анализи, информации и други работи и ги спроведува одлуките и другите акти кои произлегуваат од работата и надлежностите на општината од областа која ја покрива;<br>- во определен рок врши увид по пријави од граѓаните, врши увид на терен и изготвува записници за констатираната состојба;<br>- извршува надзор над примената на законот за градење и други поврзани закони во делот на надлежностите на општината;<br>- врши обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби;<br>- изготвува анализи, дава информации, и подготвува други материјали. |

**Член 13**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 3. одделение за инспекциски надзор, по работното место со реден број 56-б „Овластен градежен инспектор", се додава ново работното место со реден број 56-в со назив на работно место „Општински комунален инспектор" кое гласи:

| **3. Одделение за за инспекциски надзор** | |
|---|---|
| **Реден број** | 56-в |
| **Шифра** | ИНС 01 01 В04 001 |
| **Ниво** | В4 |
| **Звање** | Помлад инспектор |
| **Назив на работно место** | **Општински комунален инспектор** |
| **Број на извршители** | 1 |
| **Одговара пред** | Виш инспектор - Раководителот на одделение за инспекциски надзор |
| **Вид на образование** | Правни науки |
| **Други посебни услови** | |
| **Работни цели** | Извршување на работи за инспекциски надзор над спроведувањето на прописите во областа на комуналните дејности под надзор и контрола од раководителот на одделението |
| **Работни задачи и обврски** | -ги следи законските прописи и другите општи акти од областа на комунални дејности;<br>-врши инспекциски надзор над спроведувањето на законите, подзаконските акти и прописите на општината во областа на комуналните дејности; |

| | |
|---|---|
| [redacted] | - врши увид на терен, изготвува записници за констатираните состојби и изрекува со закон пропишани мерки;<br>- води управна постапка во прв степен и донесува решенија;<br>- поднесува жалби и дава одговори на жалби во второстепена постапка;<br>- поднесува барања за поведување постапка пред надлежни државни органи и судови;врши обработка на прашањата што се од значење за примената на законските одредби од областа на комунални дејности;<br>- изготвува анализи, информации и други материјали; |

**Член 14**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 6. територијална противпожарна единица, во работното место со реден број „64“ назив на работно место „Командир на одделение за противпожарна заштита“, во делот Број на извршители, бројот „5“ се менува со бројот „4“.

**Член 15**

Во глава V. ОПИС НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА, Во точка 6. територијална противпожарна единица, во работното место со реден број „66“ назив на работно место „ Пожарникар спасител “, во делот Број на извршители, бројот „4“ се менува со бројот „6“.

**Член 16**

Согласно извршените измени и дополнувања во интегралниот текст на Правилникот се вршат измени и дополнувања и на табеларниот преглед на работните места во општинската администрација на Општина Крива Паланка, како составен дел на Правилникот.

**Член 17**

Овој Правилник влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Министерството за информатичко општество и администрација.

Бр. 01-208/1
20.01.2020 година
Крива Паланка

**ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Градоначаник**
**Борјанчо Мицевски**

**ТАБЕЛАРЕН ПРИКАЗ НА РАБОТНИТЕ МЕСТА ВО ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**

| Реден Број | Шифра на работно место | | | | | Назив на работно место | Број на извршители |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 1. | УПР | 01 | 01 | А04 | 000 | Секретар на Општина Крива Паланка | 1 |
| **1.СЕКТОР ЗА ОПШТИ И ПРАВНИ РАБОТИ, ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА И ЛОКАЛЕН ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ** | | | | | | | |
| 1-а | УПР | 01 | 01 | Б01 | 000 | Државен советник за нормативни и правни прашања | 1 |
| 2. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на Сектор за општи и правни работи, финансиски прашања и локален економски развој | 1 |
| **1.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ПРАВНИ И ОПШТИ РАБОТИ** | | | | | | | |
| 3. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за правни и општи работи | 1 |
| 4. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за правни работи и застапување | 1 |
| 5. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за јавни набавки и работи за седници на совет | 1 |
| 6. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за постапки за јавни набавки и работи на совет | 1 |
| 6-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за меѓуетнички односи | 1 |
| 7. | | | | | | | |
| 8. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за архивско и канцelариско работење и упатување на граѓани / странки | 1 |
| 9. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за организација на седници на Советот на Општина Крива Паланка и соработка со ЗЕЛС, СИПР и други субјекти | 1 |
| 10. | УПР | 04 | 03 | А01 | 001 | Шеф на возен парк | 1 |
| 11. | УПР | 04 | 03 | А02 | 001 | Возач II | 3 |
| 12. | | | | | | | |
| 13. | УПР | 04 | 05 | А03 | 004 | Хигиеничар | 2 |
| 14. | УПР | 04 | 05 | А02 | 004 | Координатор на достава - курир | 2 |
| 15. | | | | | | | |
| **1.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ФИНАНСИСКИ ПРАШАЊА** | | | | | | | |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 16. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за финансиски прашања | 1 |
| 16-а | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за утврдување и наплата на данок на промет на недвижности и данок на наследство и подарок | 1 |
| 17. | | | | | | | |
| 18. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник Одговорен сметководител | 1 |
| 19. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник за Финансии, планирање и извршување на буџетот и овластен известител за неправилности и сомнежи за измама и корупција | 1 |
| 20. | УПР | 01 | 01 | ВО3 | 000 | Соработник за Утврдување и наплата на данок на промет на недвижности, наследство и подарок и имот на општина | 1 |
| ~~20-а~~ | ~~УПР~~ | ~~01~~ | ~~01~~ | ~~ВО3~~ | ~~000~~ | ~~Соработник за администрирање на данок на имот и комунална такса за фирмарина~~ | ~~1~~ |
| 21. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за Данок на промет на недвижности, наследство и подарок и ажурирање на имот на општина | 1 |
| 21-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за утврдување и наплата на такси и други надоместоци | 1 |
| 22. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за финансиско работење | 1 |
| 23. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за материјално работење | 1 |
| 23-а | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за присилна наплата | 1 |
| **1.3 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЈАВНИ ДЕЈНОСТИ, ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ И ИНФОРМАТИЧКА ТЕХНОЛОГИЈА** | | | | | | | |
| 24. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на Одделение за јавни дејности, економски развој и информатичка технологија | 1 |
| 25. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник за Образование и спорт | 1 |
| 26. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за Локален Економски развој, земјоделие и регионална соработка | 1 |
| 26-а | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник - Систем инженер | 1 |
| 27. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник Администратор за информатички развој и компјутерска технологија | 1 |
| 28. | | | | | | | |
| 29. | УПР | 01 | 01 | ВО3 | 000 | Соработник за планирање и следење на локален економски развој | 1 |
| 30. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за Здравствена, социјална и детска заштита | 1 |
| 30-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за управување со квалитет | 1 |
| 30- б | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за односи со јавност и култура и соработка со цивилниот сектор | 1 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 30-в | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за подготовка и анализа на проекти од областа на јавните дејности и локалниот економски развој | 1 |
| 31. | | | | | | | |
| 32. | | | | | | | |
| 33. | | | | | | | |
| **2. СЕКТОР ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ, ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА И КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | | | | |
| 34. | УПР | 01 | 01 | Б02 | 000 | Раководител на Сектор за урбанизам, сообраќај, заштита на животна средина и комунална инфраструктура | 1 |
| **2.1. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА УРБАНИЗАМ, СООБРАЌАЈ И ЗАШТИТА НА ЖИВОТНА СРЕДИНА** | | | | | | | |
| 35. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на Одделение за урбанизам, сообраќај и заштита на животна средина | 1 |
| 36. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за Издавање на изводи од урбанистички планови и одобренија за градење | 1 |
| 37. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за просторно и урбанистичко планирање | 1 |
| 37-а | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник за животна средина | 1 |
| 38. | | | | | | | |
| 39. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник за Сообраќај, локални патишта, улици и комунална контрола | 1 |
| 40. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за Заштита на животната средина | 1 |
| 41. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен референт за Административно технички работи | 1 |
| 41-а | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт за документациони работи | 1 |
| 42. | | | | | | | |
| **2.2 ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИЗГРАДБА И ОДРЖУВАЊЕ НА КОМУНАЛНА ИНФРАСТРУКТУРА** | | | | | | | |
| 43. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за изградба и одржување на комунална инфраструктура | 1 |
| 44. | УПР | 01 | 01 | В01 | 000 | Советник за Уредување на градежно земјиште и прибавување, комплетирање и обезбедување на техничка документација | 1 |
| 45. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш Соработник за енергетска ефикасност и улично осветлување | 1 |
| 46. | | | | | | | |
| 47. | | | | | | | |
| 48. | | | | | | | |
| 49. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за Уредување на градежно земјиште, пресметка на комуналии и следење на градежните активности на терен | 2 |

| | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 50. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за уредување на просторот | 1 |
| 50-а | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад Соработник за заштита и спасување, управување со кризи и административна поддршка на ТППЕ Крива Паланка | 1 |
| 51. | УПР | 01 | 01 | Г01 | 000 | Самостоен Референт Геометар | 1 |
| 52. | | | | | | | |
| | | | | | | **3. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ИНСПЕКЦИСКИ НАДЗОР** | |
| 53. | ИНС | 01 | 01 | Б04 | 001 | Виш инспектор - Раководител на одделение за инспекциски надзор | 1 |
| 54. | | | | | | | |
| 55. | | | | | | | |
| 56. | ИНС | 01 | 01 | В01 | 001 | Овластен инспектор за животна средина | 1 |
| 56-а | ИНС | 01 | 01 | В01 | 001 | Овластен инспектор за домување | 1 |
| 56-б | ИНС | 01 | 01 | В03 | 001 | Овластен градежен инспектор | 1 |
| 56-в | ИНС | 01 | 01 | В04 | 001 | Општински комунален инспектор | 1 |
| 57. | УПР | 01 | 01 | Г03 | 000 | Референт - Комунален редар | 3 |
| | | | | | | **4. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ЧОВЕЧКИ РЕСУРСИ** | |
| 58. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за човечки ресурси | 1 |
| 59. | УПР | 01 | 01 | В02 | 000 | Виш соработник за Управување и координација со човечки ресурси | 1 |
| | | | | | | **5. ОДДЕЛЕНИЕ ЗА ВНАТРЕШНА РЕВИЗИЈА** | |
| 60. | УПР | 01 | 01 | Б04 | 000 | Раководител на одделение за внатрешна ревизија | 1 |
| 61. | УПР | 01 | 01 | В03 | 000 | Соработник внатрешен ревизор | 1 |
| 62. | УПР | 01 | 01 | В04 | 000 | Помлад соработник Внатрешен ревизор на обука | 1 |
| | | | | | | **6. ТЕРИТОРИЈАЛНА ПРОТИВПОЖАРНА ЕДИНИЦА** | |
| 63. | ПОЖ | 02 | 10 | А04 | 000 | Командир на ТПП единица | 1 |
| 64. | ПОЖ | 02 | 10 | Б04 | 000 | Командир на одделение за противпожарна заштита | 4 |
| 65. | ПОЖ | 02 | 10 | В03 | 000 | Пожарникар спасител- возач на специјално возило | 7 |
| 66. | ПОЖ | 02 | 10 | В04 | 000 | Пожарникар спасител | 6 |

Република Северна Македонија

**Министерство за информатичко општество и администрација**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА
КРИВА ПАЛАНКА

| Примено: | 29.01.2020 | | |
|---|---|---|---|
| Орг.единица | Број | Прилог | Вредност |
| 01 | 208/3 | | |

**До: ОПШТИНА КРИВА ПАЛАНКА**
**Архивски број:12/6-519/** 2
**Датум:** 24.01.2020

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработените во јавниот сектор ("Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/19), Министерството за информатичко општество и администрација дава

СОГЛАСНОСТ

На

1. Правилник за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка, со архивски број 01-208/1 од 20.01.2020 година.

ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

**Општина Крива Паланка**, поднесе барање до Министерството за информатичко општество и администрација за добивање на согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка.

Министерството за информатичко општество и администрација го разгледа доставениот акт и истиот е во согласност со одредбите од Законот за вработените во јавниот сектор, Правилник за содржината и начинот на подготовката на актите за внатрешна организација и систематизација на работните места, како и содржината на функционалната анализа на институциите на јавниот сектор и Каталогот на работни места во јавниот сектор.

Врз основа на претходно утврденото, Министерството за информатичко општество и администрација дава писмена согласност на Правилникот за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Општина Крива Паланка, со архивски број 01-208/1 од 20.01.2020 година.

Со почит,
Државен секретар,
Adem Avziu

*Изготвил: м-р Медина Хоџа*


Министерство за информатичко општество и администрација на Република Северна Македонија
Ул. „св. Кирил и Методиј" бр. 54, Скопје Република Северна Македонија
+389 2 320 0874
www.mioa.gov.mk